# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија

www.ssm.org.mk info@ssm.org.mk Септември 2016 Бр. 9

## КОМПЛЕТИРАНО РАКОВОДСТВОТО НА ССМ - ИЗБРАН НОВ СЕКРЕТАР НА СОВЕТ НА ССМ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И МОБИЛИЗИРАЊЕ НА НОВО ЧЛЕНСТВО -

**21.9.2016**

Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) на својата 4та седница одржана на 21.9.2016 година разгледуваше повеќе точки од дневниот ред, информацијата за дадената правна заштита, склучената спогодба за измени и дополнувања на ОКД за приватен сектор поврзана со зголемување на слободни денови (од 3 на 7) за елементарни непогоди, а воедно беше извршен и избор за Секретар на Советот на ССМ и потпретседател, воедно и член на Извршен одбор, за организирање и мобилизирање на ново членство.



Слика 1. 4та седница на Советот на ССМ

Согласно Статутот на ССМ врз основа на прелогот утврден од претседателството на ССМ за секретар на советот на ССМ во наредниот мандатен период едногласно е избран Методија Димески, претседател на Синдикатот на сообраќај и врски на Република Македонија. Исто така на истата седница едногласно за потпретседател за организирање и мобилизирање на ново членство избран е Роберт Симоноски, претседател на Синдикатот за енергетика и стопанство на РМ.Во своите обраќања двата ново избрани носители на функција ја истакнаа својата благодарност за изборот истакнувајќи ги нивните заложби дека максимално ќе се ангажираат во спроведувањето на програмските цели и определби на ССМ и активно ќе придонесат во остварувањето на програмските активности.





Слика 2. Ново избраниот секретар на Советот на ССМ, Методија Димески и ново избраниот потпретседател за организирање и мобилизирање на ново членство, Роберт Симоноски

Информацијата за дадена правна заштита на ССМ во периодот јануари јуни 2016 јасно ја отсликува неприкосновената позиција на ССМ во давањето на бесплатна правна помош на членството преку мрежата на правни застапници што ја има територијалната структура на ССМ во текот на извештајниот период. Во текот на извештајниот период евидентирани се 1252 обраќања од членови на здружените синдикати кои побарале правна помош низ територијата на РМ и во централата во Скопје. Во извештајниот период се бележат и активностите на ССМ во делот на законската регулатива и спроведувањето на стратегијата преку социјалниот дијалог да не се дозволи нивно намалување што беше евидентно во текот на овој период.

# СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД 70 ГОДИНИ ОД ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ



Слика 1. Свечена академија по повод 70 год. од пензионерското организирање во РМ

**16.9.2016**

На 16.9.2016 година во Домот на АРМ се одржа свечена академија по повод 70 години од пензионерското организирање во Република Македонија. На свечената академија воведно обраќање имаше претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорѓе Иванов, кој воедно беше и покровител на манифестацијата. Во воведното обраќање беше укажено на значењето на Сојузот на здруженијата на пензионери и на пензионерското организирање во Република Македонија, на иницијативите кои ги имаше Сојузот во текот на овој период и на значењето на пензионерите како активни чинители во општествените текови. Претседателот на РМ, д-р Ѓорѓе Иванов на претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери, Драги Аргировски, му додели и високо признание „Повелба на РМ“ по повод 70 години од пензионерското организирање. Претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери, Драги Аргировски во своето обраќање укажа дека Повелбата значи признание за 250.000 пензионери, како и за 7 децениската историја на пензионерското организирање во Македонија, потенцирајќи ги активностите на Здруженијата особено во последниот период во полето на културата, уметноста, пензионерските натпревари, но и во поглед на унапредувањето на квалитетот на животот на пензионерите во Република Македонија. На манифестацијата присуствуваше и претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и заменик министерот за труд и социјална политика, Ибрахим Ибрахими, при што од страна на претседателот Аргировски во името на Сојузот на здруженијата на пензионери им беа доделени посебни плакети за посебниот придонес во унапредувањето на пензионерското организирање во РМ.



Слика 2. Доделување на плакети за посебен придонес

# КОЛЕКТИВНОТО ПРЕГОВАРАЊЕ- КОНТИНУИРАН ПРИОРИТЕТ ЗА ССМ

**13.9.2016**

Во рамките на Проектот за унапредување на социјалниот дијалог, спроведен од МОТ, а финансиран од ЕУ во делот на компонентата за поттикнување на колективното договарање на 13.9.2016г. беше одржан семинар посветен на бипартитното колективно преговарање во секторот градежништво. Покрај претставниците од секторот градежништво од синдикатите и работодавачите, на семинарот присуствуваа и претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, претседателот на ОРМ, Ангел Димитров и претседателот на БКМ, Миле Бошков. Во своето обраќање претседателот на ОРМ, Ангел Димитров го истакна значењето и потребата за поттикнување на процесот на колективното преговарање во секторот градежништво. Претседателот на ССМ, д-р Митревски направи историска ретроспектива на процесот на колективно преговарање, задржувајќи се на актуелните состојби и на потребата од потпишување на грански КД во оние сектори каде што тоа не е направено, вклучително и во секторот градежништво. Беа потенцирани и неколку причини за ваквата состојба, укажувајќи на потребата од зајакнување на капацитетите, но и на активно вклучување на сите социјални партнери, вклучително и на државата во делот на процесот на поттикнување на колективното преговарање генерално во сите сектори. Искуствата за колективното преговарање во градежниот сектор од Холандија и Белгија беа презентирани од страна на експертите Јоба Ван Дер Берг и Вернер Буелен, а за значењето на процесот на колективното преговарање зборуваше и Душан Радиќ, виш експерт за работодавачите од регионалната канцеларија на МОТ во Будимпешта.

# ПРОДОЛЖУВААТ ОБУКИТЕ И ЕДУКАЦИЈАТА НА СИНДИКАТИТЕ ВО ССМ

**17-18.9.2016**



Слика 1. Присутни на обуката

Во рамките на едукативниот концепт на Сојузот на синдикатите на Македонија и на Синдикатот на работниците од сообраќајот и врските на Македонија (СРСВМ) на 17 и 18.9.2016 година се реализираа обуки на тема „Улогата на синдикатот и синдикалните претставници во унапредување и зајакнување на синдикалното делување и решавање на работните спорови“во синдикалните организации при ЈСП Скопје и при Железници Инфраструктура.



Слика 2. Отворање на обуката

Обуките беа отворени од страна на претседателот на СРСВМ, Методија Димески, претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и претседателот на СО ЈСП, Николче Зиков кои укажаа на значењето и потребата на едукативниот концепт кој го реализира ССМ и здружените синдикати како и потребата за унапредување на капацитетите на синдикалното членство во текот на секојдневното делување.
Посебно беше потенцирана потребата од активниот принцип на синдикалното организирање и делување во делот на заштитата на правата од работен однос и континуираното спроведување на законските одредби и одредбите од колективните договори.
Обуката по наведените теми со соодветни вежби беше реализирана од страна на доц. д-р Лазар Јовевски од правниот факултет во Скопје.

На обуката од страна на синдикатот на СРСВМ на претседателот на ССМ, д-р Митревски му беше доделено и посебно признание- Благодарница поради неговиот придонес за развој на синдикалното организирање и активниот придонес во унапредување и развој на синдикатот на СРСВМ.



Слика 3. Доделување Благодарница на претседателот на ССМ

# ССМ ПРОДОЛЖУВА СО АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА НОВО ЧЛЕНСТВО

**5-7.9.2016**

Во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог“, финансиран од Европската Унија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА), а спроведуван од страна на Меѓународната организација на трудот (МОТ), во Скопје од 5-7 септември 2016 година се одржа работилница за обука за организирање и мобилизирање на ново членство.



Slika 1. Претседателот Митревски на работилницата

На работилницата за целите и потребата од натамошно организирање зборуваше Григор Градев, виш експерт за работнички активности, додека пак работилницата беше отворена од страна на претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски кој во воведното обраќање укажа на значењето на организирањето и мобилизирањето на ново членство како неопходна потреба за натамошно унапредување на синдикалното движење во РМ, но и како глобален предизвик за синдикатите во целиот свет.Потребата од синдикалното организирање во РМ е уште покомплексна ако се има во предвид дека голем дел од синдикатите се уште своето организирање го темелат на класични методи, па оттаму размената на искуства и запознавањето со новите техники и методи, како и нови алатки за организирање и мобилизирање на ново членство се едни од најактуелните приоритети во програмата на ССМ, истакна претседателот на ССМ, д-р Митревски. Во излагањето претседателот Митревски го потенцираше значењето на ова прашање и во контекст на постоењето на големиот број на неорганизирани работници во индустриските зони. Присутните членови на гранските синдикати и претставници од територијалните структури на ССМ беа запознаени со најновите методи, концепти и техники за организирање и мобилизирање на ново членство од страна на експерти од академијата за образование на светската конфедерација на синдикати (ITUC).



Slika 2. Присутни на работилницата

Компонентите на проектот и неговото натамошно спроведување беа презентирани и од страна на Наташа Мечкароска- Симјаноска, проект координатор на МОТ.

# ОДРЖАНИ 13 – ТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ



Slika 1. 13-ти Спортски игри на МПС

**9-11.9.2016**

Во периодот од 09 до 11 Септември 2016 година, во одморалиштето на МВР во Охрид, Македонскиот полициски синдикат ги одржа 13 – те Спортски игри и средби на членовите на МПС. На спортските игри и средби присуство земаа околу 250 членови на МПС, при што истите се натпреваруваа во повеќе спортски дисциплини: фудбал – мажи, одбојка – мажи и жени (мешано), пикадо – жени, стрелаштво – жени, атлетика – жени и шах – мажи. На спортските средби и игри присуствуваа и 50 – тина странски гости од делегациите на полициските синдикати со кои МПС соработува и тоа: делегација од полицискиот синдикат на Кипар, делегација од полицискиот синдикат на Романија, од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Црна Гора, како и Претседателот на Советот на европските полициски синдикати – Андреас Симеоу. На отворањето на 13 – те Спортски игри и средби присуствуваше и Претседателот на ССМ – Живко Митревски, кој им се обрати на учесниците и гостите.



Слика 2. Меѓународна тркалезна маса

Во рамките на средбите и игрите, МПС организираше меѓународна тркалезна маса на тема „Нови времиња, нови предизвици – идеи, методи и начини на синдикалната работа (компаративни искуства)". На истата се овозможи полициските синдикати од повеќе земји да ги разменат своите искуства и начини како се справуваат со секојдневните предизвици при синдикалната работа.



Слика 4. Дел од атмосферата на игрите




Слика 3. Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски на отворањето на игрите

Спортските натпревари поминаа во најдобар ред и спортски дух, при што на најдобрите поединци и тимови им беа доделени пехари и дипломи, како и скромни награди за да се сеќаваат на овој убав настан.

Покрај спортските натпревари, членовите на МПС, времето го искористија и за дружење и релаксација, но и за размена на искуства од секојдневното работење.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада" бр. 2-А, 1000 Скопје
контакт тел/факс +389 2 3161374
е-маил: info@ssm.org.mk
web: www.ssm.org.mk